# PROJECT FACTSHEET

Funded by
the European Union

**SMS Facility – Поддршка за малите медиуми од Западен Балкан**




**Duration:** 08.11.2024 - 07.11.2027

**Countries:**

Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија, Црна Гора

**EU contribution:** € 1 300 000

**Total budget:** € 1 444 444

**Implementer:**

Centar za promociju civilnog društva CPCD (BiH), Thomson Media gGmbH (Germany), Science & Innovation for Development SCIDEV (Albania), Kosovo

**Project description:**

Проектот „SMS Facility – Поддршка за малите медиуми од Западен Балкан“ им пружа поддршка на независните медиуми ширум Западен Балкан и придонесува за зајакнување на слободата на медиумите, разноликоста и демократијата. Тој ги унапредува вештините на новинарите и медиумските организации и ги поттикнува на соработка преку платформата Journalift, притоа внимавајќи да бидат усогласени заложбите и да се избегне нивно дуплирање.
Локалните медиуми често се соочуваат со ограничени ресурси, политички притисоци и финансиска неизвесност, а овој проект им помага да се справат со овие предизвици. Тој поттикнува иновации, добро управување и јавно-приватни партнерства, со цел да се создаде посилна и поодржлива медиумска средина. Преку алатката MOVAT, проектот ја следи еволуцијата на медиумскиот сектор и обезбедува поддршка прилагодена на потребите на медиумите. Родовата еднаквост е составен дел од сите активности.
Главни корисници се малите локални медиуми, новинарите (особено новинарките и младите новинари), медиумските мрежи и јавните институции — сите со стремеж за подобро информирани заедници и посилни демократски практики.
Посебна компонента на проектот SMS Facility обезбедува финансирање, обуки и застапување за околу 120 медиуми. Притоа опфатени се два вида грантови: едниот за поддршка на висококвалитетна продукција на содржини, а другиот за унапредување на техничките и организациските капацитети.

**Expected results:**

• Пуштање во употреба централна онлајн платформа на повеќе јазици, којашто ќе служи како главно место за поддршка и ресурси.
• Шеесет медиуми ќе добијат мали грантови за создавање квалитетна содржина.
• Десет медиуми ќе добијат дополнителна поддршка за надградба на опремата и/или подобрување на начинот на работа.
• Со поддршка од проектот, учесниците на проектот SMS Facility ќе објават повеќе од 600 медиумски содржини.
• Повеќе од 250 новинари ќе ги унапредат своите вештини за попрофесионално и поефикасно известување.